ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
Су.бр.07-10/23-2
24.03.2023 година
БИТОЛА

СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР НА ОСНОВНИОТ СУД БИТОЛА, Силвана Дејаноска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.2/22, за вработување на судски службеници на неопределено време, за работно место судски референт - дактилограф- 1-еден извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници СУ бр. 04-72/22-2 од 23.03.2023 година, на ден 24.03.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за избор за вработување

За работното место судски референт - дактилограф – 1 еден извршител се избира кандидатот:

**1. Севиљај Шабани со шифра бр. дактилограф 04**

Решение за вработување за избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основниот суд Битола во дневните весници „ Нова Македонија " и ,, Коха " од 27.12.2022 година, објавен е Јавен оглас бр.2/22 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место судски референт - дактилограф– 1-еден извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината . . . Сл.Весник на РМ бр.236/2018 од 24.12.2018 година, до Судскиот администратор на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа СУ бр. 04-72/22-2 од 23.03.2023 година.

Со ранг листата за работното место судски референт - дактилограф Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Севиљај Шабани со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 23.03.2023 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работното место судски референт - дактилограф да биде избран кандидатот Севиљај Шабани од Битола.

Примерок од Одлуката ќе се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата ќе се објави на интернет страната на судот и на огласна табла на судот.

Поради горенаведеното следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА
СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР
Силвана Дејаноска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор преку овој суд до Советот на судска служба при Врховен суд.

ДНА: избраниот кандидат, кандидатите кои не се избрани, интернет страната на судот и на огласна табла на судот.